Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница, одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2028/1 од 22.07.2024 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во работењето на //, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2028/1 од 22.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 22.07.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава во која се содржани наводи за сомневање за незаконитости во работењето на // во делот на исплата на “награди ” на мал број вработени во //, блиски лица до вд директорот паушално и спротивно на закон во 2023 и 2024 година и поведување на дисциплински постапки против вработени во // со број 0404-63/1 од 11.01.2024 година и бр. 04-667/1 од 15.05.2024 година спротивно на закон, по која е оформен предмет со број 12-2028/1 од 22.07.2024 година.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации до

Државниот управен инспекторат, од каде беше доставено Известување со прилог Записник за преземени дејствија Ип1 бр. 10-835 од 11.08.2025 година.

По извршениот инспекциски надозор, инспекторатот ја утврдил следната фактичка состојба :
На ден 11.01.2024 година под број 0404-63/1, вд директорот на // до раководителот на секторот за инспекциски надзор, поднел Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против вработениот // - советник-државен //инспектор. Раководителот на секторот на ден 15.01.2024 година до вд директорот доставил Предлог за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против вработениот. По спроведената постапка, од страна на Комисијата, до вд директорот е доставен Предлог за изрекување на дисциплинска мерка, по што вд директор донел решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисциплински престап. Незадоволен од донесеното решение, вработениот изјавил жалба до Агенцијата за администрација. Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен донела мериторна одлука со која жалбата на подносителот била одбиена како неоснована, а решението за дисциплинската мерка било потврдено.
Од извршениот увид во доставените документи- докази, инспекторатот утврдил дека дисциплинската постапка со број 0404-63/1 од 11.01.2024 година е спроведена согласно одредбите од Законот за административните службеници.

Што се однесува на наводот за незаконитости во дисцисплинската постапка против вработен во // под број 04-667/1 од 15.05.2024 година, во Записникот е наведено дека на ден 08.08.2025 година на службениот меил на управниот инспектор, било примено Известување од раководителот на одделението за човечки ресурси при //, со кое известува дека во одделението не е примен предмет со бр. 04-667/1 од 15.05.2025 година. Во деловодникот на // на ден 15.05.2024 година било заведено Барање за поведување на дисциплинска постапка, но истото не било доставено до одделението за човечки ресурси и по истото не е спроведена дисциплинската постапка.

Што се однесува на наводите поврзани за исплата на "награди" на мал број вработени во институцијата блиски до вд директорот паушално и спротивно на закон, ДКСК утврди дека истите се нејасни и не содржат доволно податоци за кои лица, какви надоместоци им биле исплаќани и во кој период.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК констатира дека во пријавениот случај постапил друг надлежен орган- Државниот управен инспекторат кој во рамките на своите законски надлежности и не утврдил неправилности што се однесува до пријавените дисциплински постапки. Во однос на наводите поврзани со исплата на "награди" на мал број вработени во институцијата блиски до вд директорот паушално и спротивно на закон, ДКСК утврди дека истите се нејасни и не содржат доволно податоци за кои лица и какви надоместоци на плата им биле исплаќани и во кој период.

Од сето горе наведено ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р И.П., раководител на сектор

Одобрил: С.С.М, член на ДКСК